Мила моја МАЈКО,

Се разбира дека така ќе те наречам, бидејќи ти си единствената која заслужува така да биде наречена...

Еве ме, седам во овие доцни часови, осветлен од свеќата која рони солзи како мене и се обидувам овие мисли што ми навираат да ти ги претточам во писмово...

Во моиве изминати години многу имам ти чувано за тебе, мамо. Но, секогаш имало уште недокажани зборови. Уште многу, многу зборови, кои се малку за она што го имаш направено за мене.

Ти ми го смени животот. Всушност, јас и не знаев што е тоа живот. Не го знаев значењето на тој скапоцен збор. Но, ти ме научи... Ме научи на сè...

Никогаш нема да ги заборавам моите први десет години од животот кои ги поминав на улица молејќи за скршена пара која ја тоа им ја давав на моите таканаречени родители. Премрзнат од цементот на кој седев, изнемоштен и гладен, ќе дојдев навечер и ќе им ги дадев парите, а за возврат ќе добиев едно парче леб на кое мислев целиот ден, а потоа тие некаде излегуваа. За моја среќа...

СРЕЌА – збор кој го запознав после десет години живот. Мојата приказна ја слушна една жена и ме одведе во домот за деца

без родители, во кој останав се додека не дојде ти, мила моја мајко. Оттогаш започна ново поглавје во мојот живот. Поглавје на среќни моменти исполнети со многу, многу љубов.

Ти со сета своја пожртвуваност се грижеше за мене. Ме порасна и одгледа, направи да станам ова што сум сега. Се сеќавам на родендените, кога заедно ја правевме тортата, а ти секогаш беше насмеана. Твоите зелени очи блескаа како ѕвезди. Ѕвезди кои го следеа секој мој чекор и беа подготвени да ме поучат кога правев нешто погрешно. Заедно ја украсувавме секоја новогодишна елка. Се прашувам - колку ли љубов беше собрана во твоето срце? Таа љубов беше како море што се излева и ме опсипува од сите страни. Се сеќаваш ли кога го повредив колеиото паѓајќи по скалите? Како ранета лавица трчаше кон мене, а очите ти беа полни со солзи...

Еве ме сега после многу години. Пораснав, научив да читам и да пишувам. Станав човек! - така велеше ти. Време е да се збогувам со тебе... Размислувам за понатамошниот живот, но мислите ми ги попречуваат твоите кадрави коси кои ме разбудуваа секое утро. Ти благодарам за убавите зборови кои во секое време ги имаше за мене. Тие како поток жуборат и ми го исполнуваат срцето. Сега тоа мое срце

тремноту ме стега, така што не можам по-
веќе да пишувам, не можам ништу да голтам.
Некаква грутка ми застанала во грлото. Во
моментов само солзите течат како река...
Како и да е, знај дека нема никогаш да
излезеш од срцево. Што и да се случи, секогаш
ќе останеш тука. Ти благодарам за сè што
направи за мене...

Твојот син Анастас

P.S. Извини за овие размачкани букви. Тоа
е дело на моиве солзи, кои сеуште не
престануваат...

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Кеј „13 Ноември"